| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | „Како да се грижам за моето здравје“ |
| **Содржина на денот** | „На лекар“ |
| **Возраст** | 3-4години |
| **Воспитувач** | Александра Балшиќевска |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор за хигиената на рацете , да се оспособат да ги препознаваат факторите кои можат да го загрозат здравјето.<br>Може да се направи експеримент , така што во сад за вода се додава мелен црн бибер кој претставува бактерија, потоа на прстето на детето се става малку течен сапун и тоа го става прстето во садот со вода и гледа како биберот , односно бактеријата бега од сапунот и со тоа се добива заклучок дека „Ако редовно ги миеме рацете со сапун бактериите ќе бегаат од нас“. |
| **Активности** | -Преку слики детето се запознава со лекарскиот прибор, детето се запознава со лекарот и улогата на лекарот во зачувување на здравјето. Посебно се објаснува приборот кое за што служи низ прашања и одговори.Потоа детето се запознава со материјалот за работа односно пластелинот, му се кажува задачата дека ќе треба да моделира лекарски прибор.<br>-Игра: имитативни игри со лекарски прибор. |